Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 февруари 2023 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 8 февруари 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 15:15 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Снежана Наџаковска, државен советник во  Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата не учествуваа, д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура,  Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и  д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за испраќање на републичките сили за заштита и спасување за укажување на помош на Република Туркије

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во хуманитарна операција во Република Туркије

5. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на тим за заштита и спасување од Министерството за одбрана во Република Туркије

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на републичките сили за заштита и спасување за укажување на помош на Република Туркије и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во хуманитарна операција во Република Туркије.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за испраќање на тим за заштита и спасување од Министерството за одбрана во Република Туркије.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**